**ПРЕДЛОГ**

**О Д Л У К А**
**За стекнување на сопствени акции во постапка на присоединување**

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и член 335 став 1 точка 5 од Законот за Трговските друштва, Собранието на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, на седницата одржана на 29.06.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За стекнување на сопствени акции во постапка на присоединување**

1. Собранието на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје со оваа Одлука одобрува Банката да се стекне со сопствени акции, во постапката на присоедување на Охридска банка АД Скопје (Банка што се присоединува) кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје (Банка што презема).

2. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ќе се стекне со оние акции за кои акционерите на Банката што се присоединува се изјасниле дека не сакаат да се стекнат со акции во Банката што презема. Банката исто така ќе ги стекне и акциите (во кумулативен износ на акции) кои го сочинуваат збирот на разликите (износите помали од една акција) за кои на акционерите ќе им биде исплатен соодветен сразмерен износ од откупната цена по акција дефинирана во Спогодбата за присоединување ОДУ број 15/21 од 15.01.2021 година.

3. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ќе ги стекне акциите од Точка 2 на оваа Одлука, односно акциите на акционерите од Банката што се присоединува кои се изјасниле дека не сакаат да се стекнат со акции во Банката што презема, со уписот во Централниот депозитар за хартии од вредност, вклучително и акциите (во кумулативен износ на акции) кои го сочинуваат збирот на разликите (износите помали од една акција), по откупна цена од МКД 5.577 за една цела акција дефинирана во Спогодбата за присоединување ОДУ бр. 15/21 од 15.01.2021 година.

4. Номиналната вредност на сопствените акции, стекнати согласно оваа Одлука нема да надминува 10% од номиналната вредност на вкупните акции на Банката.

5. Правата од стекнатите сопствени акции, стекнати согласно оваа Одлука, мируваат се до моментот на нивното отуѓување.

6. Одлуката стапува во сила на денот на донесување.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со оваа Одлука за стекнување на сопствени акции се предлага Собранието на акционери да одобри Банката да се стекне со сопствени акции, во постапката на присоедување на Охридска банка АД Скопје (Банка што се присоединува) кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје (Банка што презема). Имено, Собранијата на акционери на двете Банки, во октомври 2020 година донесоа одлуки за отпочнување на постапка за присоединување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје со универзален пренос на целокупниот имот и на обврските на Банката што се присоединува, во замена за акции од Банката што презема. Акционерите на Банката што се присоединува ќе стекнат акции издадени од Банката што презема во соодност од 1,66 акции за секоја акција на Банката што се присоединува, додека разликата (износот помал од една акција) ќе им биде сразмерно исплатен во готовина од страна на Банката што презема согласно откупната цена од МКД 5.577 за една цела акција дефинирана во Спогодбата за присоединување ОДУ бр. 15/21 од 15.01.2021 година.

Акционерите на Банката што се присоединува можат да се изјаснат дека не сакаат да примат акции во Банката што презема до денот на донесување на одлуките за прифаќање и потврдување на Спогодбата, донесени од страна на Собранијата на акционери на Банките што учествуваат во присоединувањето. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ќе се стекне со оние акции за кои акционерите на Банката што се присоединува се изјасниле дека не сакаат да примат акции во Банката што презема во замена за нивните акции, како и кумулативен износ на акции кои го сочинуваат разликите (износите помали од една акција) за кои на акционерите ќе им биде исплатен сразмерен износ од откупната цена утврдена во Спогодбата за присоединување ОДУ број 15/21 од 15.01.2021 година.

Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ќе ги стекне погоре наведените акции на акционерите од Банката што се присоединува кои се изјасниле дека не сакаат да се стекнат со акции во Банката што презема, со уписот во Централниот депозитар за хартии од вредност, како и акциите (во кумулативен износ на акции) кои го сочинуваат збирот на разликите (износите помали од една акција), по откупна цена од МКД 5.577 за една цела акција дефинирана во Спогодбата за присоединување ОДУ бр. 15/21 од 15.01.2021 година.

Номиналната вредност на сопствените акции, стекнати согласно оваа Одлука нема да надминува 10% од номиналната вредност на вкупните акции на Банката. Правата од стекнатите сопствени акции стекнати согласно оваа Одлука, мируваат се до моментот на нивното отуѓување.

Врз основа на горе наведеното, се предлага донесување на оваа Одлука.